ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
„КОМУНАЛЕЦ" – СВЕТИ НИКОЛЕ

# АКТИВНОСТИ

## КОИ СЕ ПРЕДВИДУВААТ ДА СЕ СПРОВЕДАТ ВО СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА ВО 2015 ГОДИНА

***Декември, 2014 година***

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН

## за подигање на комунален отпад од дел од населени места кои влегуваат во состав на Општина Свети Николе

Уште во програмата за идни активности во секторот за комунална хигиена при ЈКП „Комуналец“ Свети Николе во 2013 година беа предвидени активности со цел започнување на организирано собирање на комунален отпад од поголемите населени места кои влегуваат во состав на Општина Свети Николе во прва фаза и понатаму опфаќање на сите населени места во втора фаза. Инаку, во мометот жителите од сите населени места во Општина Свети Николе целиот свој отпад од домаќинствата го фрлаат на места на кои не смеат да го фрлаат со што се загрозува животната средина. Со цел елиминирање на таквите мини депонии и подобрување на животната средина во тие населени места се прави оперативен план за регуларно и континуирано собирање на комуналниот отпад од поголемите населени места во прва фаза.

Со оглед на тоа дека за прв пат се организира собирање на комунален отпад од овие места, свесни сме за можните проблеми во прв момент, кои се надеваме успешно ќе се решаваат во текот на работата .

При размена на искуства од вакви работи со други комунални претпријатија ни беше кажано дека комуналниот отпад се собира само од неколку населени места (Велес, поради дополнителен трошок не го собираат комуналниот отпад од сите населени места) и тоа преку пунктови во тие населени места и од некои улици кои се асфалтирани и имаат непречен пристап до секој двор.

Во нашата општина населените места се со прилично лоша инфраструктура и нашите возила нема да можат да пријдат до секој двор за да се подигне комуналниот отпад.

Подигањето на комуналниот отпад од домаќинствата во населените места може да се организира на неколку начини: преку набавка на вреќи за одлагање и селектирање на комуналниот отпад кои ќе бидат поделени на населението, преку изнесување на отпадот на одредени пунктови во садови за смет и сл.

Во прв момент предлагаме подигањето на комуналниот отпад да го вршиме еднаш неделно од т.н комунални пунктови кои ќе бидат одредени со помош на претставниците на месните заедници. При тоа, населението ќе биде известено (со флери, постери и др.) кој вид на отпад спаѓа во категоријата комунален отпад и што смеат да фрлаат на тие комунални пунктови. Ќе биде договорен ден и термин кога ќе можат да го одлагаат комуналниот отпад и ние ќе го подигаме со цел да не се создаваат дополнителни мини депонии. Облигационите односи меѓу ЈКП „Комуналец“

Свети Николе и граѓаните на тие населени места ќе бидат регулирани со договор кој ќе биде потпишан од двете страни.

Според пописот од 2002 година во нашата општина има 33 населени места со 4751 жител и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| Алакинци ............................................... | 5 | жители |
| Амзабегово .......................................... | 543 | |
| Арбасанци.............................................. | 1 | |
| Богословец............................................. | 4 | |
| Бориловци.............................................. | 14 | |
| Горно Ѓуѓанци......................................... | 3 | |
| Горно Црнилиште.................................. | 345 | |
| Горобинци ............................................. | 820 | |
| Делисинци ........................................... .. | 9 | |
| Долно Ѓуѓанци ....................................... | 174 | |
| Долно Црнилиште.................................. | 114 | |
| Ерџелија ................................................ | 1012 | |
| Кадрифаково ......................................... | 163 | |
| Кнежје .................................................... | 86 | |
| Крушица ................................................. | 22 | |
| Макреш .................................................. | - | |
| Малино ................................................... | 45 | |
| Меќкуевци .............................................. | 15 | |
| Мустафино ............................................. | 517 | |
| Немањици .............................................. | 201 | |
| Нова Мездра .......................................... | - | |
| Орел ....................................................... | 45 | |
| Павлешенци........................................... | 77 | |
| Патетино ................................................ | 6 | |
| Пеширово ............................................... | 247 | |
| Преод ...................................................... | 44 | |
| Ранченци ................................................ | 38 | |
| Сопот ...................................................... | 89 | |
| Стануловци ............................................. | 2 | |
| Стањевци ................................................ | 61 | |
| Стара Мездра .......................................... | - | |
| Строиманци .............................................. | 8 | |
| Трстеник ................................................... | 41 | |

Според статистичките податоци, секој жител во просек генерира по 1,5 кг. комунален отпад дневно. Тоа е првичен показател по кој ќе се раководиме за тоа колку контејнери ќе бидат потребни во населените места. Во оваа фаза од планот предвидено е собирање на комунален отпад од:

| | |
|---|---|
| Горобинци ............................................ | 820 |
| Немањици ............................................ | 201 |
| Пеширово ............................................. | 247 |
| Амзабегово .......................................... | 543 |
| Црнилиште ........................................... | 459 |
| Ерџелија ............................................... | 1012 |
| Мустафино ........................................... | 517 |
| Кадрифаково ........................................ | 163 |
| **Вкупно:** ………............................................ | **3962 жители** |

Предвидено е ѓенерирање на 7200 кг. комунален отпад дневно од овие населени места. За ефикасно собирање на комуналниот отпад потребно е да се набават сто контејнери за комунален отпад од 1,1 м3 кои ќе бидат распоредени по населените места во ависност од бројот на населението. Истиот број може да се зголемува или намалува во зависност од потребите на терен.

Поради зголемениот обем на работа и успешно изведување на оперативниот план, потребно е да се зголеми бројот на комуналните хигиеничари. Во моментот на секој реон (4 реони) има по два комунални хигиеничари. Потребно е да бидат по 4 на реон или ангажирање на дополнителни 8 луѓе.

1. **Изработка на џебови во кои ќе се поставуваат контејнери за подигање на отпад** (џебовите да бидат изработени за собирање на селектиран отпад)

   - на ул. Маршал Тито ........................................................ (3 броја)
   - на ул. Велко Влаховиќ ................................................. . (2 броја)
   - на ул. Карпошева .................................... .................... (1 број)
   - во населба Бел Камен .................................................... (5 броја)
   - во централно градско подрачје ..................................... (2 броја)

   ***** изработка на едно џебно место изнесува околу 40.000,00 денари

2. **Изградба на рециклажен двор**
   (изработка на боксови за складирање на пластична амбалажа и метал)

   - набавка на преса за балирање на рециклираниот отпад

   * цената на пресата е над 3.000 евра

3. **Организирање на систем за селектирање и собирање на отпад**

4. **Поставување на жичени контејнери за селектирање на отпад**

   - 5 броја за хартија
   - 5 броја за ПЕТ амбалажа

5. **Набавка на 50 контејнери од 1,1 м$^3$ за собирање на комунален отпад**

6. **Набавка на тркалца за замена на оштетени контејнери**

7. **Набавка на унифицирани садови за собирање на комунален отпад пред секоја индивидуална станбена зграда (прва фаза, а подоцна и набавка на унифицирани садови за селектирање на комунален отпад пред секоја индивидуална куќа)**

| | |
|---|---|
| **Раководител на сектор комунална хигиена** | **ЈКП „Комуналец" в.д.Директор** |
| ______________________ | ____________________ |
| **Јордан Михаиловски** | **Делчо Динев** |